## Совет за етика во медиумите на Македонија

**From:** OSCE <semm.smtp.1@gmail.com>
**Sent:** Wednesday, December 6, 2023 1:48 PM
**To:** Совет за етика во медиумите на Македонија
**Subject:** OSCE ИРЕНА КОЦАРЕВА vs 95

Жалба:
Поднесител на жалба: ИРЕНА КОЦАРЕВА
Тип на подносител: 1
Телефон за контакт: 070266211
E-mail за контакт: kocareva@t.mk
Назив на медиумот: 95
Емисија: МАКЕДОНИЈА
Датум на објавување: 2023-11-21
Време на објавување: 11:00
Линк до спорната содржина: https://4news.mk/vrabotena-na-kardiohirurgija-so-shokantno-svedoshtvo-zhivotot-mi-e-unishten-po-mobingot-od-d-r-jovev/
Основи на жалбата: 1, 2, 10
Друго:
Прикачен документ:

МАКЕДОНИЈА

# Вработена на кардиохирургија со шокантно сведоштво: Животот ми е уништен по мобингот од д-р Јовев

Автор: **Деск**

21/11/2023 10:55






Животот ми е уништен. Немам постојана адреса на живеење, а менувам често и телефонски број поради заканите кои ги добивам. И мојата ќерка ги чувствува последиците. Вака во телефонски разговор за 4NEWS.mk раскажува Верче Стојкоска медицинска сестра од Клиниката за кардиохирургија.

Кога ја контактиравме, се сомневаше дали навистина новинар е од другата страна, па побара да разговараме по телефон, со дополнителни проверки.






„Понекогаш сè уште мислам дека е тука“, ни рече Стојкоска вознемирена од работните моменти поминати со поранешниот директор на Клиниката за кардиохирургија, д-р Сашко Јовев.

Докторот кој сега е разрешен од функцијата, претходно беше дел од тимот кој спроведуваше неколку успешни трансплантации на срце. При разрешувањето министерот за здравство Фатмир Меџити со ниту еден збор не ја спореше неговата стручност, но кога станува збор за менаџирањето со еден колектив, тогаш спомена и мобинг.

На почетокот од октомври, објавивме видео снимка на која се гледа како д-р Јовев физички и вербално ги напаѓа колегите на кардиохирурхија.

„Тоа на

дирек

обиди кога сакаше физички да ме нападне“, се сеќава Стојкоска.




Неколку пати досега случајот е пријавуван во полиција, а Јовев бил повикан да даде исказ. Но малтретирањето според сведоштвото продолжило, па во една прилика ѝ се заканил дека ќе ја убие.

> **ПРЕПОРАЧУВАМЕ** Костадиновска Стојчевска: Уставните измени се потребни за членство во ЕУ, ДПМНЕ не сака да признае дека го имаме најдобриот предлог

На работното место како што вели Стојкоска често добивала намалување на плата, а имало и барање за суспендирање. Во октомври и ноември минатата година ѝ биле исплатени само 4.000 денари.

„Морав да молчам, беше директор. Иако барав и сакав да разговарам со него. Јас сум на 50 години, каде да барам друга работа?!“, ни раскажа Стојкоска.

Јовев често ги казнувал и докторите, со намалување на платите за 20%. Во решенијата најчесто пишувало поради „дисциплинска неуредност“, или „јавна опомена“. Казнети биле докторите Марија Котевска Анѓушев, Марјан Шокаровски (сегашниот директор на Клиниката), Вангел Здравевски…

Она што во овие случаи е интересно е што не бил почитуван член 187 од Законот за здравствена заштита според кој треба да се формира дисциплинска комисија, по што работоводниот орган треба да го потпише решението за дисциплинската мерка. Во овој случај, според казнетите, таа постапка воопшто не била почитувана.

Во врска со разрешувањето на Јовев, Меџити во неколку наврати во почетокот на јуни изјави дека овој негов потег се должи на „констатирани злоупотреби од страна на инспекција. Нема да дозволам да има директори кои 5 до 10 години не доставиле никаков извештај и немаат ништо сработено. Не работиме напамет, имавме сознанија и имавме од одредена клиника поплаки за мобинг и други злоупотреби. Но да не ја мешаме професионалноста како лекар и како директор. Тука станува збор за злоупотреба на работното време и внатре во менаџирањето. Има извештај за тоа зошто е разрешен. Сакам да отфрлам каква било инсинуација дека разрешувањето има политичка позадина“, рече Меџити.

> **ПРЕПОРАЧУВАМЕ** Ковачевски и Мицкоски наскоро на средба, ќе разговараат за техничката Влада!

Д-р Јо

своит

„Пред една недела отворавме хибридна сала и слободно можам да кажам дека е единствена ваква во регионот. Меѓутоа, на самиот настан требаше да присуствуваат премиерот Димитар Ковачаевски и министерот Меџити. Двајцата кажаа различни термини на кои им одговара денот кога да се официјално пушти во употреба хибридната сала, но премиерот инсистираше на одреден датум со оглед на бројните активности што ги има. Се одлучивме за таа дата и тука се налути министерот, кој не се појави на самиот настан“, тврди доктор Јовев за „Фокус“.

Доктор Јовев долги години управуваше со кардохирургија и  еден од наградуваните лекари. Тој лани беше меѓу добитниците на државната награда „Св. Климент Охридски“, највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на воспитанието, образованието, културата, уметноста, здравството, заштитата и унапредувањето на човековата околина и во социјалната дејност од јавен интерес во државата. Претходно ја доби наградата  за животно дело „Гемиџиите“ на Општина Велес, а беше и дел од тимот наградени со „13 Ноември“ на Град Скопје. Првата трансплантација на срце беше изведена на 23 мај 2020, оттогаш има изведено вкупно осум пресадувања на срце.


ЧИТАЈ И ОВА

mgid



Audrey's Viral Journey: Karaoke Stardom to Inspiring Teen

Herbeauty



Growing Up in the White House: Chelsea's Oddhouse Rules

Herbeauty



Movie Mistakes, Alternative Ending & Facts About "Pretty Woman"

Herbeauty



Doctors Say You Shouldn't Ignore These 8 Warning Signs

Limelight Media



The Ultimate Big List Of Larger-Than-Life Athletes Ever

Brainberries



Болките во зглобовите и грбот ќе исчезнат преку ноќ!

Nautubone



Овој природен лек ќе се ослободи од проширените вени за 2 недели!

Varcosin



These Are The Women Almost All Men Want To Have

Brainberries

## Совет за етика во медиумите на Македонија

**From:** 4NEWS.mk <contact@4news.mk>
**Sent:** Friday, February 2, 2024 9:21 AM
**To:** Совет за етика во медиумите на Македонија
**Subject:** Re: Одлуки и мислења на Комисијата за жалби по одржаните седници на: 30.11.2023, 25.12.2023 и 12.01.2024 год.

On 2024-02-02 09:02, Совет за етика во медиумите на Македонија wrote:

> Почитувани,
>
> Ве известуваме дека Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите, по одржаните седници на 30.11.2023, 25.12.2023 и 12.01.2024 година, ги донесе долунаведените мислења и одлуки по жалбите добиени од:
>
> *** Седница одржана на 30.11.2023:
>
> 1. **Илија Милчиноски за Експрес.мк - бр.1;**
> 2. **Илија Милчиноски за Експрес.мк - бр.2;**
> 3. **Кевин Дворак за Народен Глас.ком;**
> 4. **Илија Милчиноски за ТВ 21;**
> 5. **Илија Милчиноски за Скопско Ехо.мк;**
> 6. **Илија Милчиноски за Сител ТВ;**
> 7. **Илија Милчиноски за Плус инфо.мк;**
> 8. **Илија Милчиноски за Нова Македонија.**
>
> *** Седница одржана на 25.12.2023:
>
> 1. **ВМРО - ДПМНЕ за Фронтлајн.мк;**
> 2. **Ивана Гулин за Курир.мк;**
> 3. **Илија Милчиноски за Скопје 1.мк;**
> 4. **Ирена Коцарева за 4News.мк;**
> 5. **ВМРО - ДПМНЕ за Рацин.мк.**
>
> *** Седница одржана на 12.01.2024:
>
> **1. Ирена Коцарева за Нетпрес.мк.**

Мислењата и одлуките се во прилог на овој меил, во ПДФ верзија. Исто така, документите може да се симнат и на следниов веб линк: **https://we.tl/t-jdu9HTufO8**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Këshilli për etikë në media në Maqedoni

Council of Media Ethics of Macedonia

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

тел./факс 02 3222 595

www.semm.mk

Почитувани,

Одговор ви е доставен на 25.12.2023 година на истиот маил на кој ни побаравте. Не можам да разберам поради која причина во одлуката сте напишале дека сте го контактирале медиумот, а не ви бил доставен одговор.

Во продолжение уште еднаш, одговорот кој ви го доставивме пред повеќе од еден месец.

Поздрав,

Јовица Пауноски

Почитувани,

Во врска со вашето барење за наше произнесување во однос на доставената жалба од страна на Ирена Коцарева за текст објавен на нашиот медиум 4NEWS.mk би сакале да потенцираме неколку работи.

Ниту текстот, ниту делови од него нема елементи на неточно известување. Текстот е базиран на сведоштво на жртва на мобинг искажано со нејзини зборови за напади кои се однесуваат на неа директно од една конкретна личност.

Во однос на коментарот дека ја нема втората страна во однос на сведоштвото на жртвата, имаме јасен став – побарана е втората страна но безуспешно. Треба да ја прашате адвокатката на посочената личност зошто не се јавува на телфонски повици на новинари со недели од објавувањето на видео снимката каде докторот физички се пресметува со своите колеги. Сите наши обиди да стапиме во контакт беа безуспешни, два дена чекавме на одговор што не го добивме ја објавивме приказната со сведоштвото и бидејќи „втората страна" ја немаше, објавивме стара изјава од интервју направено за друг медиум, што целосно се коси и со наводите во жалбата дека нашиот текст има „пристрасност и неурамнотеженост". Сакаме да прашаме зошто ако се почувствува повикан во текстот не се јави со демант или изјава по објавата на текстот – законска можност и наша редовна пракса за објавување кога имало потреба, а се реши на овој начин да го покаже своето негодување во однос на текстот. Втората страна" можеше до сега да ја демантира нашата содржина, бидејќи нашата редакција јавно и на видливо место има поставено импресум и контакт информации (телефонски број, е-маил и сл.)

Неетички е барањето на „втората страна„ за реакција кога имала на располагање низа елементи и можности за одговор во нашиот медиум.

Би сакале да потенцираме дека нашата редакција случајот го следи од самиот почеток и сме единствениот медиум кои снимките направени од безбедносни камери од Клиниката за Кардиохирургија ги објави со скриен идентитет (заматување на лицата) и на напаѓачот и на сите вработени кои се гледаат на снимката.

https://4news.mk/ekskluzivno-video-snimka-kako-d-r-jovev-fizichki-i-verbalno-gi-napaga-kolegite-na-kardiohirurgija/

Исто така не се согласуваме ниту дека сме пристрасен медиум, а најдобар доказ за тоа е нашата архива, во која може да се најдат вести кои се „пристрасни" кон „втората страна".

https://4news.mk/vcheravecher-na-klinikata-za-drzhavna-kardiorirurgija-se-izveduva-prvata-kadaverichna-transplantatsija-na-srtse/

https://4news.mk/reaktsii-po-smenata-na-kardiohirurgot-jovev-do-koga-ke-molchime-do-koga-ke-gi-brkaat-struchnite-litsa/

https://4news.mk/jovev-siguren-sum-deka-ministerot-ke-ja-popravi-greshkata-moeto-mesto-e-na-kardiohirurgija/

Нашата редакција работи врз основа на принципите на однесување и етичките вредности пропишани во Кодексот на новинари на Македонија и Советот за етика во медиумите на Македонија. Доказ за тоа е што нашата редакција до овој момент нема добиено ниту една жалба или демант за објавен текст на нашата веб страница.

Се надеваме дека почитуваниот Совет ќе ги цени нашите изнесени информации и докази.

--

**4NEWS.mk**

+389 76 623 528

## Brianion Media Group

Balzakova 30/83
Skopje, Macedonia

Disclaimer: This email and any attachments to it may contain confidential information. Any distribution or disclosure of the content is not allowed. If you are not intended to be an addressee of the email and you have received this email in error, please notify immediately the sender by return email and delete the email immediately from your system without copying or disclosing its content to any person.